ЈАНКО ИЛКОВСКИ

# ПОМИЈА ЗА АВИЈАТИЧАРОТ ИЛИ ОДБРАНА И МИЛИОН $

Актерите имаат една чудна особина што мене тешко ми влегува во глава, имено и јас како личност која се занимава со медиуми понекогаш се препуштам на некаква свесна улога на козер, глумејќи или карикирајќи некого, но тоа го правам сосема свесно, правејќи најчесто будала од себе, ми било надвор од умот да навлегувам во длабочините на личноста чии површни карактери ги карикирам, а тоа е да се поистоветат до крајност со ликот којшто го играат. Светот тоа го признава за уметност, а јас на тоа гледам како на блејдранер кога ќе го застрела репликантот од зад грб, а тој протрчува, во агонија, низ неколку излози до последниот пад. Култна сцена, само колку да ви дадам некаква ментална слика за тоа како јас гледам на глумата...

Да глумиш студиозно, продлабочено со подготовки кои траат со месеци за да го одиграш ликот е вистинска мала смрт за личноста што ја носиш, за сопствената, но сепак, некако тие (актерите)  успеваат да се вратат и да продолжат нормално да функционираат. Чуј, нормално и глумец... малку исчашена поставка, на шега кажано. Еден пријател актер ми вели: „Сите ние (актерите) во суштина сме малку перверзни, егзибиционисти, подготвени сме на сè и сешто само да го одиграме она за што сме се подготвувале целиот свој живот, да глумиме некој друг. “



Ај, си викам, добро кога глумиш фудбалер или боксер, сликар, поет, криминалец, ама што кога го глумиш Сатаната? Како ли само Де Ниро се извлече по улогата во Angel's Hearth? Како ли само си го зачува здравиот разум? Дали глумел неискрено? Погледнете го филмот, мене ме лазеа морници додека го гледав, си викав: овој е вистинска инкарнација на рогатиот лично. Значи, треба да се вежба не актерство, туку сила на волја и цврстина на карактер, да се надградува личноста, да се продуховуваш, секако сето тоа е можно само со ригорозна дисциплина. Гледав еден мал серијал на музичката телевизија ЕмТиВи каде наградуваа обични гледачи со тоа да живеат неколку денови (една недела) како врвните актери во Холивуд, да речеме Бред Пит, Џенифер Гарнер, да го прават истото што и тие го прават секојдневно. Кутрите, јадни мали американчиња попалени од тоа што ќе им влезат во фиоката за чорапи на своите идоли прифаќаат и тогаш настанува пеколот:






Ги носат во луксузните живеалишта на омилениот нивен актер или пеач и ги сместуваат ставајќи им го на располагање сиуот луксуз што го имаат ѕвездите. Но има едно мало трикче: време за уживање обично се нема - зошто?
Станување во 5.00, тренинг, трчање, туширање, појадок којшто ни мојот локален уличен мачор не би го погледнал, а ако е прегладнет дури би го дотепал, па пак тренинг, па часови по глума, па часови по пеење, па интервјуа, па пак мал тренинг, па ручек кој помалку е калоричен од сламата со која ги хранев ламите во зоолошка. Попладневни вежби, вежби за дикција, трчање, теретана, боди билдинг до изнемоштеност и по сето тоа едно шишенце вода. Да скратам, по три дена плачејќи си одеа, разочарани дека нема гламур каков што тие си замислуваа дека трае по цел ден - со купишта слатки, со перверзни теревенки, дрога, алкохол, секс... Охохоо, да! - го има сето тоа Холивуд, но откако ќе ти помине славата, кога ќе се запустиш и ќе се молиш да снимиш реклама за некое газирано шеќерно водиче. Јасно ми е како ден дека врвните перформанси човековата волја може да ги одржи околу 10 години или врвните спортисти нешто повеќе... тоа е време кога ќе се заработи, потоа следи трошењето на парите и уживањето во лажниот сјај на купената слобода небаре од Бога ја дограбнале. Сево ова ми е само вовед за филмот што доби Оскар.

## Филмска критика

### Гадотија од милион долари

Филм чиј прв дел е вистинска монашка епопеја, упорноста да се оддалечиш од светот, да влезеш во целибат е денонoќно да мантраш, секако не со молитва туку со тупаници. Сижето е за еден остарен боксер кој (не) успеал многу да стори во кариерата, а води школо за боксери и една разочарана од животот девојка која е решена да се замонаши во боксрескиот свет. Фанатизам каков што не сум видел и волја која се мери со мегатони, упорност која зашеметува и сè води кон големото крешендо виваче, кулминацијата која просто се цеди од сите страни. И трес!!!!!!!!!!!!
Мојот јунак Клинт Иствуд, човекот кој ме фасцинираше како православниот капетан Калахан којшто немилосрдно се бореше против злото во градот, овде во главна улога и во улога на режисер - а филмот, патем, се вика „Девојка од милион долари“ - ми го сруши целиот позитивен набој што го имаше филмот. Девојката на врвот на кариерата, пред да стане број еден во светот, пострада во рингот и остана парализирана. Живее на туба во болница и нејзината состојба станува сè полоша, маките сè поголеми, ужас во кој гледачот се доведува до конечното, до она што само на животните им се прави: да ѝ се скратат маките. И тука влегува повторно Клинт после долготрајна, дрн-дрн, внатршна борба ја евтаназира девојката. Ах, како сум по...дел после филмот, кога ме пукна една нервоза, кога ѝ се свртев на жена ми со која сочно се испокарав; во наредните два саати ја оставив онака со висната фаца да се чуди на мојата реакција. Бев лут што го изгледав ова холивудско перверзно и математички прорачунато ѓубре.
Многу мразам кога ме манипулираат како стока пред кланица. Имено, убеден сум дека Клинт не е Сатана ниту потпишал со него и дека размислувал вака:




„Ај да им направам рецепт-филм, со јунак со којшто сите ќе се идентификуваат. Јунакот ќе настрада , а јас му ги скратувам маките; сите ќе се мрсулават во салата, а јас - цап: оскар...! Сите ќе бидат шокирани, потресени, и во тоа гледаат длабок хуманизам и ќе ме наградат. “

И го наградија!!! Едно од најголемите ѓубриња на Холивуд на сите времиња, кое влегува во најтесна конкуренција за најголема филмска балега заедно со „Титаник“ и „Англискиот пациент“.

Ова е најлошата порака која досега излегла од филмското платно. „Розмариното бебе“ сега ми изгледа како цртана серија за деца спрема ова ѓубре, што за атер на мојот јунак Клинт нема да го наречам со ниедено демонско име, иако тоа го заслужува. Се плашам дека светот се подготвува можеби за наредна евтаназија, онака на ангро, оти да се мачат луѓево - не за друго, дај да им фрлиме пар стотини атомски во Африка и Азија, да не се мачат, не за друго - од што ние сме ептен добри...

Дојде ли царството на нечестивиот, се прашувам? Некои мислеа дека тоа ќе биде некаква империјална држава, но можеби ќе биде царството на мракот кое ќе завладее во срцата на луѓето што ќе паднат на оваа идеја: да ги евтаназираме оние што се мачат. А ктерката, Хилари Свонк, па таа фанатично се спремила за филмот и од себе направила боксер, за жал развила мускули ама ликот и очите ѝ се шупливи и празни.

FILM CRITIQUE



Како само тоа го извози еден Роберт Де Ниро во Разјарениот бик или Брандо во Апокалипса. Страшно е толкав труд а резултатот да биде само едно безлично блескаво  златно теле, или на што ли веќе личи онаа фалусоидна статуетка без лик.
А што убаво ќе беше светот да го прославеше Мартин Скорцезе, човек кој ја сликаше историјата на Америка:'Алиса не живее повеќе тука', 'Такси возач', 'Добрите момчиња', 'Бандите на Њујорк' и конечно 'Авијатичарот', Филм за една од легендите не само на Америка туку и на светот. Модерна легенда која стана еден од симболите на 20 век, ексцентричниот Хауард Хјуз. Филмот топло ви го препорачувам. За жал не ги доби заслужените ловорики, светот се поклони на менталната содомија наместо на немирниот истражувачки храбар дух кој го обликуваше светот во неговиот најубав гламур прекрасно раскажан од страна на Мартин Скорцезе и маестрално, но лежерно лесно одглумен од Леонардо Ди Каприо.



Најдобра осигурителна компанија во Македонија за 2004 година според ROA индексот

finance central europe

# ТАБАК

*Осигурување кое се исплаќа*




Париз, Москва, Виена, Солун, Истанбул...

**ТАБАК осигурување ви нуди патничко-здравствено осигурување во соработка со EUROP ASSISTANCE.**

Овој вид на осигурување Ви пружа сигурност и безгрижност која ќе Ве следи на одмор, разни спортски натпреварувања, семинари и саеми ширум Светот.

Патничкото осигурување се склучува пред осигуреникот да отпатува и со тоа се заштитува од непредвидени трошоци.

Со полисата се покриваат трошоците за потребната ненадејна итна медицинска помош, во случај на болест или незгода за време на патувањето и престојот во странство.

Полисата за патничкото здравствено осигурување на Табак осигурување е Вашиот сигурен сопатник низ Светот.

Патувајте. Ние се грижиме за вас.

## За безгрижни и благословени патувања...

**Табак Осигурување ја овозможува Вашата сигурност во соработка со**

europ assistance
With you all the way

www.tabakosiguruvanje.com.mk | телефон: 02/ 31 05 608 | факс: 02/ 31 05 685